**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 12

# БОГ СОЗДАТЕЛОТ

Бог секогаш постоел. *"Пред планините да се родат или пред да ги создадеш земјата и светот, отсекогаш за секогаш ти си Бог"* (Псалмот 89:2). И првите зборови во Библијата се, *"На почетокот Бог ги создаде небесата и земјата".* Полесно е да се верува дека Бог секогаш постоел, отколу да се верува дека оваа земја, со своите зачудувачки рзноликости на растенија и животни, се формирала преку долготраен процес на случувања изведени под некоја среќна случајност. Библијата кажува дека Бог е бескрајно мудар, моќен и добар, и дека Тој го создал светот со крајна цел.

"Тие ниту ќе им наштетат ниту ќе ги уништат сите мои свети планини, затоа што земјата ќе биде преполна со знаење за Господ како што водите ги прекриваат морињата."

*"Тој кој што ги создал небесата , . . . кој ја обликувал и ја направил земјата . . . тој не ја создал за да биде празна, туку ја оформил да биде населена."* (Исаија 11:9, 45:18).

Бог го создал светот за на крајот да може Тој да се открие себе си на човештвото, и дека луѓето треба да го прифатат Него како нивни Создател, и Му оддадат слава. Ништо и никој не може да го спречи ваквото одвивање на настаните. Ова откривање на Бог е пред сé преку Неговиот Син, Господ Исус Христос, кој наскоро ќе се врати за да владее . Со него ќе бидат оние верните кои ќе ги крене од мртвите, кои ќе владеат со него на земјава, како што видовме во нашата последна лекција. Смртната популација на земјава на крај ќе поверува дека Бог навистина постои, и ќе ги ужива благословите на совршена влада.

"Многу луѓе ќе дојдат и ќе речат, ´Дојдете, да одиме горе на планината од Господ, во куќата на Богот од Јаков. Тој ќе нé подучува за неговите патишта, за да можеме да одиме по нив.´ **"Законот ќе излегува од Цион, зборот од Господ од** Ерусалим**"** (Исаија 2:3).

Павле нú кажува дека кога Христос ќе се врати, ќе владее на земјава сé додека не ги потчини сите непријатели на Бог, сите кои се опираат на вољата од Бог. Во ова ќе биде вклучен и последниот непријател, смртта. Тогаш Христос ќе му го предаде возобновениот свет на својот Татко, и последните години од светот ќе започнат, кога Бог ќе биде сé во сé" (1Коринтјаните 15:24-28).

Бог ќе им се покаже на тие од секоја возраст на човек, кои постанале Негови деца преку баптизам во Името на Исус Христос, и тие ќе живеат засекогаш во Негово присуство.

*"Сега битисувањето од Бог е со луѓето, и тој ќе живее со нив. Тие ќе бидат негови луѓе, и Бог лично ќе биде со нив и ќе биде нивни Бог . . .* ***Повеќе нема да има смрт . . . затоа што стариот поредок на нештата не постои повеќе"*** (Откровение 21:3,4).

## Еден Бог

Веќе објаснивме дека Бог од Библијата не е Тројство од три еднакво независни Лица. Кога Тој за прв пат им се покажал на своите одбрани луѓе, Неговиот пророк Мојсеј изјавил, *"Слушни, О Израелу, ГОСПОД нашиот Бог, ГОСПОД е еден"* (Повторени закони 6:4). Евреите никогаш не биле подучувани дека Бог е Тројство, и до денеска тие го сметаат тоа за невозможно за да биде прифатено.

Како и секогаш, Новиот Завет се согласува со Стариот Завет. Во молитвата до својот Татко, Исус рекол, *"Сега ова е вечен живот, за да можат да те знаат, единствениот вистински Бог, кој го прати и Исус Христос."* (Јован 17:3). Забележете ја разликата помеѓу Бог и Исус Христос. Истата разлика ја наоѓаме во зборовите на Павле, *". . . за нас има само **еден Бог, Таткото**, од кого сите нешта дојдоа и за кого ние живееме; и има само **еден Господ, Исус Христос**, преку кого сите нешта дојдоа и преку кого ние живееме."* (1Коринтјаните 8:6). Штотуку (Лекција 11) го цитиравме клучниот пасус,

*"Затоа што има еден Бог и еден посредник помеѓу Бог и луѓето, човекот Христос Исус."* (1Тимотеј 2:5).

Гледаме дека Библијата јасно ја прави разликата помеѓу Бог Таткото, кој ја создал вселената, и неговиот Син, Исус Христос, кој бил роден на оваа земја и кој бил кренат од мртвите со моќта од Бог.

*"Бог **го воздигна него** до највисокото место и **му даде име** кое е над секое име . . ."* (Филипјаните 2:9). Бог дава, Синот прима; врската помеѓу Таткото и Синот е совршено природна врска.

Во писмото до Евреите пишувачот на писмото го подвлекува фактот дека Исус е сега кренат до највисокото место, не затоа што тој е вечен Бог Синот, туку затоа што тој живеел совршен живот.

*"Но, за Синот тој вели, ´Ти ја сакаше праведноста и ја мразеше слабоста; затоа Бог, твојот Бог, те постави над твоите придружници помазувајќи те со маслото на радоста."* (Евреите 1:9).

## Бог на љубовта

И покрај тоа што Бог е спор во лутина, сепак е вистина дека Тој е жесток кон оние кои му се опираат и не го прифаќаат Него, а ова го наоѓаме и во Стариот и во Новиот Завет.

*". . . слабите ќе исчезнат, непријателите од Господ ќе бидат како убавината на полињата, ќе ги снема - ќе исчезнат како чад."* (Псалмот 36:20)

*". . . ако не се покаете, вие исто така ќе исчезнете"* (Лука 13:3)

> Забелешка: Лошото од слабите ќе исчезне, а не за вечно да се страда. Во вакви пасуси како што е Матеј 5:22, *"Но секој еден кој вели, ´Ти будала!´ ќе биде загрозен од огнот на пеколот", зборот ´пекол´ на грчки е ´Гехенна´ Гехенна било место надвор од ѕидините на Ерусалим, каде огнови гореле без престан, и каде ѓубрето, и мртвите тела од криманалци, биле горени. И постанал синоним за комплетно уништување, а не за мачење.*

Но пред сѐ Тој е Бог на љубовта:

*"Тој е стрплив со вас, и не сака ниту еден да исчезне, туку секој еден да се покае"* (2 Петар 3:9).

*"Затоа што Бог толку го сакаше светот што го даде својот еден и единствен Син, за секој еден кој што ќе поверува во него да не исчезне туку да има вечен живот"* (Јован 3:16).

И од Стариот Завет:

*"Господ е сочувствителен и благодатен, спор во лутина, преполн со љубов. Тој нема секогаш да обвинува, ниту ќе ја задржи својата лутина засекогаш; . . . Како што е таткото сочувствителен со своите деца, така Господ е сочувствителен со оние кои се плашат од него; затоа што тој знае како сме ние направени, тој памети дека ние сме прашина"* (Псалмот 102:8-14).

Тие кои ќе му пријдат на Бог со почит и понизност никогаш нема да бидат отфрлени.

*"Господ вашиот Бог е благодатен и сочувствителен. Тој нема да го сврти лицето свое од вас ако му се вратите"* (2Летописи 30:9)

*"Ова е тој на кого му се восхитувам: тој кој е понизен и жали за нешто лошо што направил, и трепери од мојот збор"* (Исаија 66:2).

Бог е љубов (1Јован 4:8), и можеби ќе можеме најдобро да го разбереме Бог ако едноставно погледнеме во Исус, кој рекол, *"Секој еден кој ме видел мене го видел Таткото"* (Јован 14:9).

## Заклучок

Има само еден Бог, и Тој самиот е Еден. Тој ја создал земјава, и има некаква намера со неа и со човештвото. Следниот чекор во неговата намера ќе биде исполнет со враќањето на Неговиот Син, Господ Исус Христос, кого Тој го величи, но кој не е еднаков на Него. Бог на крај ќе им се открие себе си на своите луѓе, на кои Тој ќе им даде вечен живот.

Добротата и жестокоста од Бог се споменуваат и во Стариот и во Новиот Завет.

## Прашања

12.1 Која е намерата на Бог во поглед на земјата и човештвото?

12.2 Што вели Библијата за карактерот од Бог?